Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 08-1755/2
01-09-2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 137, став (4) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024), Одлуката на Универзитетскиот Сенат за усвојување на Елаборатот за едногодишна кратка стручна студиска програма: Македонски јазик за странци, во рамките на првиот циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје бр. 02-1309/9 од 27.12.2024 година и Одлуката на Универзитетскиот Сенат за усвојување на Елаборатот за едногодишна кратка стручна студиска програма: Англиски јазик за странски студенти, во рамките на првиот циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје бр. 02-1309/10 од 27.12.2024 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавува

**О Г Л А С**
**за запишување студенти/странски државјани на кратки стручни студиски програми за изучување јазик во рамките на првиот циклус студии**
**на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје**
**при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**во учебната 2026/2027 година**

**I. На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје, се организираат две кратки стручни студиски програми за изучување на јазик и тоа:**

1. Едногодишна кратка стручна студиска програма за изучување: Македонски јазик за странци во рамките на првиот циклус студии;
2. Едногодишна кратка стручна студиска програма за изучување: Англиски јазик за странски студенти во рамките на првиот циклус студии.

**II. Опис на кратките стручни студиски програми**

| **Едногодишна кратка стручна студиска програма: Македонски јазик за странци во рамките на првиот циклус студии** | | |
|---|---|---|
| **1.** | Факултет/организатор | Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје |
| **2.** | Вид на студии и циклус на студии | Едногодишна кратка стручна студиска програма во рамките на првиот циклус студии за изучување на јазик |
| **3.** | ЕКТС кредити/семестар | Вкупно 60 ЕКТС кредити<br>(30 ЕКТС кредити зимски семестар/30 ЕКТС кредити летен семестар) |
| **4.** | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| **5.** | Степен/ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите | Сертификат за завршена кратка стручна студиска програма: Македонски јазик за странци |

| **Едногодишна кратка стручна студиска програма: Англиски јазик за странски студенти во рамките на првиот циклус студии** | | |
|---|---|---|
| **1.** | Факултет/организатор | Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје |
| **2.** | Вид на студии и циклус на студии | Едногодишна кратка стручна студиска програма во рамките на првиот циклус студии за изучување на јазик |
| **3.** | ЕКТС кредити/семестар | Вкупно 60 ЕКТС кредити<br>(30 ЕКТС кредити зимски семестар/30 ЕКТС кредити летен семестар) |
| **4.** | Јазик на кој се изведува наставата | Англиски јазик |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | Степен/ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите | Сертификат за завршена кратка стручна студиска програма: Англиски јазик за странски студенти |

**III. Потребни документи за пријавување и запишување**

1. Пријава за запишување (образец А1 од книжарницата на Факултетот)
2. Диплома за завршено средно образование (копија од оригинал и копија од превод)
3. Извод од матична книга на родените (копија од оригинал и копија од превод)
4. Доказ за државјанство (копија од оригинал и копија од превод)
5. Индекс и студентска легитимација

6. Три фотографии (две 3.5 x 4.5 *см* и една 2x3 *см* )
7. Пријавни листови (за упис на семестар и статистички лист од книжарницата на Факултетот)
8. Потврда за уплата на 50.000 денари на сметка на УКИМ,

- жиро сметка 100000000063095
- депонент: НБРСМ со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18
- приходна шифра 723012,
- програма 41

9. Договор за студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (се подига на Факултет на денот на уписот)

**IV. Рок за пријавување и запишување**

**Рокот за пријавување и запишување е од 7 септември до 18 септември 2026 година**

Студентите се должни комплетната документација да ја поднесат во Одделението за студентски прашања на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **до 18 септември 2026 година**.

**Општи информации за Кратката студиска програма**

Наставата на кратките студиски програми се изведува во два семестри, зимски и летен семестар.

Времетраење на зимскиот семестар е од 1.10.2026 - 12.1.2027 г.

Времетраење на летниот семестар е од 16.2.2027 - 30.5.2027 г.

По завршувањето на двата семестри, секој запишан студент треба да полага завршен испит за да добие Сертификат.

Студентот има право да го полага испитот три пати. Термините за полагање се организираат во договор со професорот на следниот начин:

- прво полагање во последната недела на месец мај
- второ полагање во првата недела на месец септември
- трето полагање во првата недела во октомври

За да добие Сертификат студентот мора да освои минимум 50% од вкупниот број на бодови. Во Сертификатот се наведува нивото кое студентот го слушал и совладал.

Студентот не добива Сертификат доколку не освои минимум бодови на првото полагање во мај. Студентот има можност да освои бодови и да добие Сертификат ако повторно го полага испитот во септември (второ полагање). Ако не освои минимум бодови во септември, тогаш може повторно да го полага испитот во октомври (трето полагање). Доколку не освои минимум бодови во октомври, студентот веќе нема право да го полага испитот.

Студентот кој успешно го завршил предвиденото ниво по јазик има право да се запише на следното ниво следната учебна година.

Деканат на
Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје

Универзитет Св. Кирил и Методиј * Република Северна Македонија * Филолошки факултет "Блаже Конески" СКОПЈЕ